# ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ
# НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ПО ИЗВЕШТАИТЕ ЗА РАБОТА НА СУДОВИТЕ
# ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2007 ГОДИНА

Врховниот суд на Република Македонија, на проширената Општа седница одржана на 7.4. и 8.4.2007 година, согласно член 37 став 1 алинеја 13 од Законот за судовите ("Сл.весник на РМ" бр.58/06), ги разгледа Извештаите за работа на судовите во Република Македонија во 2007 година, и ги утврди следните

## ОЦЕНКИ И ЗАКЛУЧОЦИ

### 1.Организација и функционирање

Врховниот суд на Република Македонија како највисок суд, во остварување на својата надлежност согласно Законот за судовите, на проширената Општа седница ги разгледа Извештаите за работа на судовите во Република Македонија од аспект на ажурноста и квалитетот на работата. Оценките и заклучоците на Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија, претставуваат остварување на принципот на самостојност и независност на судската власт, а воедно и остварување на уставната положба и улога на Врховниот суд на Република Македонија како највисок суд во Републиката. Оценката како функционираат судовите во Република Македонија треба да одговори на прашањата: дали судови се ефикасни и квалитетни, како се унапредува и подобрува функцијата на судовите, колку се тие ефикасни во обезбедувањето на правдата и колку се тие непристрасни во примената на правото, посебно колку се ефикасни во обезбедувањето на заштитата на основните човекови права и слободи, како и правната сигурност на граѓаните во Република Македонија.

Податоците во рефератите по извештаите, покажуваат дека судовите во Република Македонија во 2007 година вложиле голем напор, станува збор за голем број на пресуди и пресудувања. Сепак, податоците покажуваат дека сеуште

има судови кои се неефикасни, имаат голем број на предмети во заостаток. Причини за неажурната состојба се бројни како објективни, така и субјективни и се однесуваат на недоволен број на судии во одделни судови, недоволен број на стручни соработници и советници, непополнети работни места за административни работници, нивна несоодветна структура и образование, преоптовареност со работа особено во поголемите основни судови, лошата материјална состојба на администрацијата, нивните плати, нивната положба и услови за работа. Тука, мора да се напомене и поставениот тек на реформата на судскиот систем. Сепак, судовите во Република Македонија и покрај овие издвоени состојби решиле огромен број на предмети. Податоците по рефератите на извештаите за работа, покажуваат дека поголем број на основни судови решиле повеќе предмети споредбено со 2006 година. Нормата која ја остваруваат судиите во поголем број од судовите е нешто поголема во просек компаративно и од некои европски држави.

Од посебно значење за судството е соработката на Република Македонија со Европската Унија на полето на правдата, која треба да се насочи кон поквалитетна примена на новите закони, завршување на законите кои во овој период треба да се донесат, а тоа со цел да се постигне унапредување на самостојноста и независноста на судството, подобрување на неговата ефикасност и зголемување на едуцираноста на судиите и другиот судски кадар.

Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија, констатира дека судовите мора независно, ефикасно и квалитетно да ги решат предметите од областа на организираниот криминал, корупцијата, нелегалната трговија и друг вид криминал кој ја поткопува економската и уставната положба на Република Македонија и се узурпирани или се кршат основните загарантирани права и слободи на граѓаните.

## 2.Состојба со предметите во 2007 година

Во 2007 година, според прегледот од извештаите состојбата со предметите (останати, новопримени, вкупно во работа и решени), по судови е следна:

| ред. бр | суд | останати | новопримени | вкупно во работа | решени | нерешени | не/совладан прилив |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5(3+4) | 6 | 7(5-6) | 8 (4-6) |
| 1. | **Апелационен суд Скопје** | 1.135 | 19.480 | 20.615 | 18.395 | 2.220 | 1.085 |
| 2. | **Апелационен суд Битола** | 1.097 | 8.620 | 9.717 | 8.717 | 1.000 | -97 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. | **Апелационен суд Штип** | 691 | 6.099 | 6.790 | 6.307 | 483 | -208 |
| 4. | **Апелационен суд Гостивар** | | 5 | 5 | | 5 | 5 |
| | **Вкупно предмети апелациони судови** | **2.923** | **34.204** | **37.127** | **33.419** | **3.708** | **785** |
| | | | | | | | |
| 1. | **Управен суд на РМ** | **0** | **0** | **0** | | **0** | **0** |
| | | | | | | | |
| 1. | **Основен суд Велес** | 29.813 | 30.307 | 60.120 | 27.066 | 33.054 | 3.241 |
| 2. | **Основен суд Гевгелија** | 32.067 | 13.308 | 45.375 | 23.101 | 22.274 | -9.793 |
| 3. | **Основен суд Гостивар** | 50.397 | 37.678 | 88.075 | 43.027 | 45.048 | -5.349 |
| 4. | **Основен суд Дебар** | 7.921 | 5.396 | 13.317 | 9.409 | 3.908 | -4.013 |
| 5. | **Основен суд Кавадарци** | 20.795 | 19.260 | 40.055 | 27.994 | 12.061 | -8.734 |
| 6. | **Основен суд Кратово** | 1.951 | 2.610 | 4.561 | 3.583 | 978 | -973 |
| 7. | **Основен суд Крива Паланка** | 2.179 | 5.426 | 7.605 | 6.666 | 939 | -1.240 |
| 8. | **Основен суд Куманово** | 54.917 | 42.166 | 97.083 | 36.538 | 60.545 | 5.628 |
| 9. | **Основен суд Неготино** | 17.422 | 8.024 | 25.446 | 10.278 | 15.168 | -2.254 |
| 10. | **Основен суд Скопје I** | 144.057 | 133.541 | 277.598 | 103.096 | 174.502 | 30.445 |
| 11. | **Основен суд Скопје II** | 267.521 | 339.816 | 607.337 | 112.300 | 495.037 | 227516 |
| 12. | **Основен суд Тетово** | 64.002 | 49.947 | 113.949 | 51.859 | 62.090 | -1.912 |
| 13. | **Основен суд Битола** | 63.645 | 28.818 | 92.463 | 34.379 | 58.084 | -5.561 |
| 14. | **Основен суд Кичево** | 8.603 | 13.887 | 22.490 | 18.543 | 3.947 | -4.656 |
| 15. | **Основен суд Крушево** | 4.500 | 3.000 | 7.500 | 3.693 | 3.807 | -693 |
| 16. | **Основен суд Охрид** | 39.918 | 23.580 | 63.498 | 27.568 | 35.930 | -3.988 |
| 17. | **Основен суд Прилеп** | 70.784 | 37.184 | 107.968 | 48.414 | 59.554 | -11.230 |
| 18. | **Основен суд Ресен** | 3.701 | 3.244 | 6.945 | 4.699 | 2.246 | -1.455 |
| 19. | **Основен суд Струга** | 16.701 | 15.850 | 32.551 | 20.651 | 11.900 | -4.801 |
| 20. | **Основен суд Берово** | 3.914 | 6.794 | 10.708 | 8.370 | 2.338 | -1.576 |
| 21. | **Основен суд Виница** | 1.272 | 3.724 | 4.996 | 3.476 | 1.520 | 248 |
| 22. | **Основен суд Делчево** | 2.572 | 5.719 | 8.291 | 6.870 | 1.421 | -1.151 |
| 23. | **Основен суд Кочани** | 22.304 | 15.661 | 37.965 | 20.827 | 17.138 | -5.166 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **24.** | **Основен суд Радовиш** | 13.025 | 9.971 | 22.996 | 12.298 | 10.698 | -2.327 |
| **25.** | **Основен суд Свети Николе** | 5.728 | 5.787 | 11.515 | 8.698 | 2.817 | -2.911 |
| **26.** | **Основен суд Струмица** | 27.183 | 33.196 | 60.379 | 45.882 | 14.497 | -12686 |
| **27.** | **Основен суд Штип** | 25.525 | 24.688 | 50.213 | 37.739 | 12.474 | -13.051 |
| | **Вкупно предмети основни судови** | **1.002.417** | **918.582** | **1.920.999** | **757.024** | **1.163.975** | **161.558** |
| | | | | | | | |

| **ред. бр** | **суд** | **останати** | **новопримени** | **вкупно во работа** | **решени** | **нерешени** | **совладан прилив** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2** | **3** | **4** | **5(3+4)** | **6** | **7(5-6)** | **8 (4-6)** |
| **1.** | **Врховен суд на РМ** | **4.983** | **3.900** | **8.883** | **3.697** | **1.612** | **203** |
| **2.** | **Управен суд** | **0** | **0** | **0** | **0** | **6.674** | |
| 3. | **Вкупно предмети апелациони судови** | **2.923** | **34.204** | **37.127** | **33.419** | **3.708** | **785** |
| 4. | **Вкупно предмети основни судови** | **1.002.417** | **918.582** | **1.920.999** | **757.024** | **1.163.975** | **161.558** |
| 5. | **Вкупно предмети во сите судови** | **1.010.323** | **956.686** | **1.967.009** | **794.140** | **1.172.869** | **162.546** |

Од овие извештајни податоци, произлегува дека 22 основни судови успеале да го совладаат приливот, а решиле и од заостатокот и тоа:

1.Основен суд Гевгелија за 9.793 предмети;

2.Основен суд Гостивар за 5.349 предмети;

3.Основен суд Дебар за 4.013 предмети;

4.Основен суд Кавадарци за 8.734 предмети;

5.Основен суд Кратово за 973 предмети;

6.Основен суд Крива Паланка за 1.240 предмети;

7.Основен суд Неготино за 2.254 предмети;

8.Основен суд Тетово за 1.912 предмети;

9.Основен суд Битола за 5.561 предмет;

10.Основен суд Кичево за 4.656 предмети;

11.Основен суд Крушево за 693 предмети;

12.Основен суд Охрид за 3.988 предмети;

13.Основен суд Прилеп за 11.230 предмети;

14.Основен суд Ресен за 1.455 предмети;

15.Основен суд Струга за 4.801 предмет;

16.Основен суд Берово за 1.576 предмети;

17.Основен суд Делчево за 1.151 предмет;

18.Основен суд Кочани за 5.166 предмети;

19.Основен суд Радовиш за 2.327 предмети;

20.Основен суд Свети Николе за 2.911 предмети;

21.Основен суд Струмица за 12.686 предмети и

22.Основен суд Штип за 13.051 предмет.

Најголемиот заостаток на предмети е изразен во најголемите судови и тоа Основниот суд Скопје II Скопје, Основниот суд Скопје I Скопје, Основниот суд Куманово и Основниот суд Велес.

## 3.Финансиска состојба

Почетниот буџет за судската власт за 2007 година беше недоволен за остварување на основната функција на судовите. Во текот на годината се превземени активности со одлуки на Судскиот буџетски совет заради ублажување на состојбата во тековните расходи на судовите.

Со ребалансот на буџетот за 2007 година, дополнително е ублажена состојбата на недостаток на средства за категорија тековни расходи. Показателите за реализација на буџетот, укажуваат на голем степен на искористеност на одобрените ставки. Степенот на реализација е 94%.

### Судски буџет
### (без Академија за обука на судии и јавни обвинители)

| | буџет 2006 | буџет 2007 | Ребаланс буџет 2006 | Ребаланс буџет 2007 |
|---|---|---|---|---|
| **плати** | **1.084.027** | **1.076.244** | **1.065.028** | **1.101.240** |
| **тековни трошоци** | **121.300** | **146.327** | **176.725** | **237.685** |
| **Тековни трансфери** | **0** | **5.000** | **0** | **15.042** |
| **капитални расходи** | **50.144** | **50.000** | **45.144** | **50.000** |
| | | | | |

### Судски буџет
### (со Академија за обука на судии и јавни обвинители)

| | буџет 2006 | буџет 2007 | Ребаланс буџет 2006 | Ребаланс буџет 2007 |
|---|---|---|---|---|
| **плати** | **1.090.077** | **1.082.294** | **1.066.541** | **1.106.150** |
| **тековни трошоци** | **147.840** | **172.867** | **178.988** | **260.825** |
| **Тековни трансфери** | **0** | **5.000** | **0** | **15.042** |
| **капитални расходи** | **54.144** | **54.000** | **46.144** | **54.000** |


Sudski buxet za sudovi 2006-2007
Rebalans buxet 2007
Rebalans buxet 2006
buxet 2007
buxet 2006
0
200.000
400.000
600.000
800.000
1.000.000
1.200.000
plati
tekovni tro{oci
Tekovni transferi
kapitalni rashodi


Sudski buxet sudovi i Akademija 2006-2007
Rebalans buxet 2007
Rebalans buxet 2006
buxet 2007
buxet 2006
0
200.000
400.000
600.000
800.000
1.000.000
1.200.000
plati
tekovni tro{oci
Tekovni transferi
kapitalni rashodi


Sudski buxet-sudovi, rebalans 2007-buxet 2008
1.400.000
1.200.000
1.000.000
800.000
600.000
400.000
200.000
0
1.101.240
1.269.895
237.685
156.709
15.042
15.000
50.000
50.000
plati
tekovni tro{oci
Tekovni transferi
kapitalni rashodi
Rebalans buxet 2007
Buxet 2008




Судовите се соочуваат со големи нереализирани обврски.

Основен проблем и понатаму останува големиот износ на заостанатите нереализирани обврски на судовите, а кои го попречуваат функционирањето на основната дејност на судовите. Заклучно со 31.12.2007 година, износот на вкупниот долг на судската власт изнесува 52.014.187,00 денари, споредбено со 31.12.2006 година кога долгот изнесувал 104.756.000,00 денари.

Ако се земе во предвид структурата на заостанатите нереализирани обврски на судовите по ставки, најголемите долгови се однесуваат на:

-ставката за комунални услуги во износ од 10.744.605,00 денари;

-ставката за договорни услуги (преводи, судски вештачења, договорни услуги и слично) со заостанати обврски во износ од 34.333.417,00 денари.

Во однос на ребалансот за 2007 година, буџетот на судската власт за 2008 година, во делот кој обезбедува нормално функционирање на судовите е намален за 34%. Оттука, произлегува дека и буџетот за 2008 година покажува дека судовите во Република Македонија ќе се соочат со тешка финансиска криза и имаат обезбедено средства до завршување на првиот квартален период од 2008 година.

## 4.Персонален состав

Податоците за кадровската состојба, број на судии, стручни и советници со судската администрација, се значајни од аспект на капацитетот на човечките ресурси кои треба да го направат судството поефикасно и поквалитетно.

Во споредба во 2004 година, судската функција ја извршувале 630 судии, во 2005 година 672 судии, во 2006 година 660 судии, во 2007 година 632 судии (заедно со новиот број на судии во Управниот суд и Апелациониот суд Гостивар).

Во 2004 година вкупно се завршени 723.605 предмети;

Во 2005 година вкупно се завршени 864.983 предмети;

Во 2006 година вкупно се завршени 860.844 предмети;

Во 2007 година вкупно се завршени 790.443 предмети.

Бројот на вкупно вработени (судии, стручни, администрација) се движи:

-2004 година 2.854

-2005 година 2.621

-2006 година 2.721

-2007 година 2.793

### *УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ*

Управниот суд е новоформиран суд. Судиите на овој суд се избрани во декември месец 2007 година. Вкупниот број на превземени предмети од Врховниот суд на Република Македонија изнесува 6.674. Интенцијата на извештајот на Претседателот на овој суд е спроведувањето на програмата за работа на судот за 2008 година. Неефикасноста во управното судство во извештајната 2007 година е резултат на доцнењето на постапката за изборот на судии во овој суд, како и неправилниот начин на конституирање на судот. Остварувањето на програмата за работа на овој суд за 2008 година со техничките можности, ќе претставува приоритет овој суд да обезбеди ефикасно остварување на своите обврски.

## *АПЕЛАЦИОНИ СУДОВИ*

### *АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ*

Апелационот суд Скопје не го решил приливот на новопримените предмети, а го зголемил заостатокот на нерешени предмети споредено со 2006 година. Но и покрај зголемувањето на заостатокот во работата, ценето низ призмата на односот меѓу вкупниот обем на работа (додена надлежност на Основниот суд Кичево), завршените и незавршените предмети на крајот на годината, како и непополнетоста на судиските места, овозможува да се даде оценка на ажурност и

ефикасност во постапувањето по сите видови на предмети, како суд кој спаѓа во групата на судови кои постигнале задоволителна ефикасност. Заостатокот на предметите може да биде завршен за еден месец во Кривичниот оддел, а за 1,5 месеци во Граѓанскиот оддел. Со оглед на тоа што се работи за Апелационен суд, чија работа е посебно важна за воедначување на судската практика, посебно е важно процентот на укинати и преправени одлуки во кривичните и граѓанските предмети да се подобри. Иако во моментот процентот на овие предмети е низок, сепак како Апелационен суд не смее да се движи повеќе од 2%.

Во текот на извештајната 2008 година треба да се посвети поголемо внимание на работата на основните судови од подрачјето на овој суд, посебно кај оние кај кои е забележано зголемување на незавршените предмети, внимание на извршување на кривичните и прекршочните предмети, на квалитетот на одлуките и казнената политика. Поголемо внимание да се посвети и на реализирањето на програмите на основните судови за решавање на старите предмети.

***АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР***

Апелациониот суд Гостивар започнал со работа на крајот на 2007 година и од тие причини, оценките за работа на овој суд претставува програмата за работа и како овој суд ќе работи во 2008 година. Извештајот за работа на судот содржи податоци дека во судот се преземени активности по однос на конституирањето на судот и донесување на актите за работа. Заклучно со 31.3.2008 година е констатирано дека вкупниот број на предмети изнесува 1.169 предмети непресметувајќи ги прекршочните предмети кои не се заведени и започната е работата по истите.

Судот се соочува со кадровска неекипираност, во тек се постапки за вработување на администрација, а исто така се соочува и со просторни проблеми, бидејќи во зградата на овој суд сеуште се наоѓаат органи на Владата. Треба да се преземат мерки, со поддршка на Судскиот буџетски совет да се надмине овој проблем, бидејќи тоа е причина што доцни реализацијата на заемот за судот во Гостивар од Светската банка. Овој суд е третиран како суд со приоритет за реновирање, обнова на просториите. Но, одговорноста за некористењето на тој кредит паѓа на друг орган, а не на судската власт. Треба да се даде поддршка на Претседателот на Апелациониот суд Гостивар во реализирање на програмата за 2008 година.

Овој суд треба да покаже резултати во однос на ефикасност во решавањето на жалбите за подрачните судови на Апелациониот суд Гостивар: Основниот суд Гостивар, Дебар, Кичево и Тетово. Во делот на внатрешната организација и остварувањето на поединечното работење на судиите, останува да се реализира преку програмата за работа на овој суд.

### ***АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА***

Апелациониот суд Битола во 2007 година ефикасно и квалитетно ја извршувал својата функција. Судот го намалил заостатокот од претходната година за 97 предмети. Постигнати се солидни резултати во сите сегменти на работењето. Во текот на извештајната година овој суд бил ефикасен, целосно ја остварил програмата за работа со добри резултати во сите домени на пресудувањето. Во однос на квалитетот, оценка е дека во Граѓанскиот оддел има реални услови тој да се подобри, а ваква констатација се однесува и за Кривичниот оддел. Сето тоа е од значење, затоа што квалитетот на Апелациониот суд влијае и врз квалитетот на одлуките во основните судови.

Како посебен заклучок, се укажува за потребно во Граѓанскиот оддел приоритетно да се решаваат работните спорови, од причина што кај нив постапката е итна.

Општа оценка за овој суд е дека го совладал приливот и е ефикасен суд.

### ***АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП***

Апелациониот суд Штип во 2007 година го совладал приливот и го намалил заостатокот за 208 предмети. Во извештајната година приливот на нови предмет бил помал во споредба со претходната година. Во квалитетот, судот покажал добри резултати како во Кривичниот, така и во Граѓанскиот оддел. Судиите и понатаму треба да тежнеат кон квалитетот за воедначеност на одлуките. По однос на траењето на постапката во Кривичниот и Граѓанскиот оддел, направени се напори и е зголемен ангажманот на судиите. Намалено е времетраењето на решавањето на предметите.

Апелациониот суд Штип според постигнатите резултати во текот на 2007 година спаѓа во групата на ефикасни судови. Судот заостатокот на нерешени предмети може да го реши за еден месец. Во иднина судиите треба да посветат поголемо внимание на квалитетот на одлуките.

Апелациониот суд Штип во иднина треба да продолжи и да одржи ефикасно и квалитетно пресудување, за што судот има капацитет.

## *ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС*

Основниот суд Велес не го совладал приливот за 3.241 предмет, но тоа се однесува пред се на Прекршочниот оддел, затоа што Кривичниот оддел го совладал приливот. Ваквата состојба со предметите во судот е пред се резултат на новата стварна надлежност на овој суд, односно тоа што овој суд е со проширена надлежност, па оттаму и зголемениот прилив на нови предмети во Кривичниот и Граѓанскиот оддел.

Општа оценка е дека поединечните залагања на судиите и состојбата со квалитетот е за поздравување. Тоа е позитивно и таквата состојба треба да продолжи и кон старите предмети. И оваа година, останува заклучокот дека во овој суд треба да продолжат, односно да се зголемат напорите што побрзо да се завршат стечајните предмети, кои повеќе години се јавуваат како нерешени. Во вкупните напори се очекува и помош од Апелациониот суд Скопје.

## *ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА*

Основниот суд Гевгелија својата надлежност ја вршел како суд со основна надлежност. Судот покажал видлива тенденција на намалување на новопримени предмети, а со тоа и намален обем на предмети во работа. Овој суд го совладал приливот на новопримените предмети. Забележано е намалување на квалитетот на пресудувањето во Кривичниот оддел. Недоследно спроведување на Законот за извршување, како во поглед на изборот на извршител, така и во примопредавањето на предметите од судовите на извршителите, го зголеми бројот на незавршени предмети во судот. Овој суд покажал добри резултати во спроведување на програмата за намалување на бројот на старите предмети и посебната ангажираност на судиите за решавање на овие предмети. Позитивно се оценуваат активностите во судот во поглед на средувањето на архивата. Ова, посебно е од значење за овој суд, но е значајно и за другите судови.

## ***ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ***

Основниот суд Кавадарци е суд со основна надлежност. Овој суд во извештајната година покажал добри резултати. Програмата за работа на овој суд е успешно спроведена, особено во решавањето на поголем број на стари предмети. Сите судии ја оствариле ориентационата норма, со минимални отстапувања. Поедини судии со својата работа квантитативно го надминале просекот на ниво на судии. Заостатокот на нерешени предмети, овој суд може да го совлада за период од три до шест месеци. Во овој суд постои најголем напредок во информатичкиот систем, што овозможува зголемување на неговата ефикасност и ажурност.

## ***ОСНОВЕН СУД КРАТОВО***

Основниот суд Кратово спаѓа во помалите судови во Република Македонија. Овој суд во 2007 година го совладал приливот на новите предмети и го намалил заостатокот за 973 предмети, со што ја зголемил ефикасноста. Според обемот на работа, бројот на вкупно решени и заостанати предмети, како и времето потребно за решавање на истите, произлегува дека овој суд е ефикасен суд. Во 2008 година судот посебно треба да вложи напори за решавање на старите предмети. Од извештајот се констатира дека 50% од предметите во работа на судот, се стари предмети. Од сите 512 стари предмети, 495 предмети се извршни. Во иднина да се подобри квалитетот на пресудувањето и судиите да вложат напори за средување на архивата на судот.

## ***ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА***

Основниот суд Крива Паланка е суд со основна надлежност. Во 2007 година имал намален прилив на предмети, со што е намален и обемот на работа. Овој суд спаѓа во групата на ажурни судови. Решени се голем број на заостанати предмети и подобрен е квалитетот на изработката на одлуките во кривичната и во граѓанската област. Ангажираноста на судиите во овој суд не е подеднаква, има судии кои не ја совладале ориентационата норма. Проблемот со вработување на информатичари во овој суд се појавува како и во другите судови.

Во 2008 година треба да се вложат напори да се спроведе Програмата за работа и уште повеќе да се подобрат состојбите на планот на ефикасност.

### *ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО*

Основниот суд Куманово е суд со проширена надлежност. Судот не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 5.628 предмети.

По своето значење за судот е од посебна важност да оствари ажурност и ефикасност во решавањето на предметите. Постигнатите резултати на судиите по обем се различни.

Овој суд функционира со голем број на нерешени проблеми кои потекнуваат од претходните години, а кои негативно се одразуваат на работењето во извештајната година. Проблемите се однесуваат и опфаќаат прашања на недоволни средства за работа, лоши просторни и санитарно-технички услови за работа на судиите, како и голем број на непополнети работни места во административното постапување.

Овие проблеми посебно се изразени во 2007 година. За надминување на истите, посебно се поддржува Претседателот на судот кој во рамките на своите овластувања треба да подготви и спроведе програма која ќе значи правилен и добар распоред за судиите, како и програма за апликации за подобрување на просторните и другите услови.

### *ОСНОВЕН СУД НЕГОТИНО*

Основниот суд Неготино е суд со основна надлежност. Во извештајната година покажал висок степен на ефикасност. Решен е приливот на нови предмети и намален е заостатокот за 2.254 предмети. Од вкупниот број нерешени предмети, најголем број се општи извршни предмети и прекршочни извршни предмети, кои судот објективно не можел да ги реши. И понатаму треба да се продолжи со зголемено, ефикасно решавање на извршните предмети. Треба да се вложат посебни напори за подобрување на квалитетот во работењето и одговорноста на судиите.

### *ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ*

Основниот суд Скопје I Скопје во 2007 година не го совладал приливот и се наоѓа во групата на неефикасни судови. Во овој суд евидентен е голем број на предмети за извршување на кривични и прекршочни санкции. Тие застаруваат од причина на неефикасност на судот, но доста често и поради неефикасност на други органи. Овој суд до 1.6.2008 година ќе изготви целосна анализа на извршните предмети, за да се даде одговор на прашањето колку е ефикасен во

извршувањето, колку се застарени, од кои причини настапило застарувањето. Ова е потребно за ефикасното работење на судот и неговото подобрување. Како заклучок од извештајот на судот,  видно е постоење на разлика во решавањето на предмети како во квалитет, така и во квантитет кај поединечни судии. Исто така, може да се забележи дека во голем број на предмети има определено мерка притвор која подолго трае и потребата од големи средства за работење.

Извештајот покажува дека за постигнување на поголема ефикасност, потребно е поголемо залагање, во средување на работата со евиденцијата на предметите, нивната распределба,, подобар распоред на судиите, како и периодичен увид во предметите кои се насрочуваат за судење.

Овој суд со бројот на судиите ги има сите услови и капацитети да постигне задоволителна ефикасност.

### ***ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ***

Основниот суд Скопје II Скопје е суд за граѓански дела. Состојбата со извршните предмети е резултат на долгогодишното неправилно работење на Основниот суд Скопје I Скопје кој не ги евидентираше правилно извршните предмети според Деловникот.

Се дава поддршка на Претседателот  на судот во реализирањето на мерките предвидени во Програмата за работа за 2008 година, со цел да се постигне поефикасно завршување на старите предмети, подобрување на квалитетот во работењето, стручно усовршување на судиите и другиот стручен кадар.

Во овој суд посебно треба да се даде приоритет на нерешените стечајни предмети кои се во голем број и од голема важност за многубројните доверители, инвеститори и засегаат во правата на многу луѓе. Исто така, треба да се даде приоритет и на предметите кои се однесуваат на заштита на правото на сопственост, како и на заштита на правата на поединците кои претрпеа штета, било материјална или нематеријална, од конфликтот во 2001 година. Во голем број се и предметите од работните спорови и на истите треба да се даде приоритет во решавањето. За подобрување на условите за работа, овој суд треба да биде поддржан од Судскиот буџетски совет, во обезбедување на подобри средства за работа.

## *ОСНОВЕН СУД ГОСТИВАР*

Основниот суд Гостивар е суд со проширена надлежност. Во 2007 година го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 5.349 предмети. Во извештајната година судот работел со помал број на судии. Основниот суд Гостивар е важен регионален суд. Потребно е да се вложат напори за остварување на Програмата за работа, имајќи во предвид дека стуктурата на предметите е сложена како во кривичната, така и во граѓанската област. Позитивен е показателот дека е совладан приливот, но сеуште треба да се работи на квантитативно и квалитативно подобрување на работата во судот. Исто така, треба да се нагласи дека проблемот со сместувањето на судот е заеднички со Апелациониот суд Гостивар и потребна е заедничка програма за ова прашање.

## *ОСНОВЕН СУД ДЕБАР*

Основниот суд Дебар е суд со основна надлежност. Судот во 2007 година го совладал приливот и го намалил заостатокот на предмети, па со оглед на бројот на нерешените предмети што останале, а кои можат да се решат за околу четири месеци, заклучок е дека овој суд е ефикасен суд. Со сите мерки предвидени во Програмата за 2008 година, се очекува да се подобри работењето на судиите во однос на квалитетот во решавањето на предметите, како во граѓанските, така и во кривичните.

Во 2008 година потребно е да се посвети внимание на воедначување на поединечниот ангажман и резултати на судиите, бидејќи и понатаму постои разноликост. Позитивна е оценката за воведување на едношалтерски систем во овој суд, што дава добри резултати во работењето на судот со странките.

## *ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО*

Основниот суд Кичево е суд со основна надлежност. Во извештајната 2007 година го совладал приливот по сите основи и го намалил заостатокот на нерешени предмети за 4.656 предмети. Во 2008 година потребно е посебно внимание на старите предмети и да се подобри квалитетот во решавањето на предметите. Иако во 2007 година резултатите покажуваат подобрување на квалитетот во работењето, сепак и понатаму судиите ќе треба максимално да се ангажираат во подобрување на квалитетот и во остварување на ориентационата норма, која од одредени судии не се почитува.

## *ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО*

Основниот суд Тетово според својата надлежност спаѓа во редот на поголеми судови во Република Македонија. Во извештајната 2007 година, судот успеал да го реши приливот и да го намали заостатокот на нерешени предмети за 1.912. Податоците во извештајот, укажуваат на тенденција на подобрување на работењето, што претставува добар показател за зголемување на ажурноста на судот и во наредниот период. Судот во наредниот период ќе треба да продолжи со истиот тренд на решавање на нерешените предмети.

Во однос на квалитетот на решените предмети и во иднина треба да се направат напори за подобрување на истиот, како и изедначување на поединечните резултати во работењето на судиите.

## *ОСНОВЕН СУД БИТОЛА*

Основниот суд Битола е суд со проширена надлежност кој во 2007 година постапувал по сите видови предмети од неговата надлежност на територијата на општина Битола со судски одделенија во Демир Хисар, Новаци и Могила. Овој суд го совладал приливот и решил 5.561 од заостатокот, поради што се вбројува во групата на ефикасни судови. Оценка е дека квалитетот на ниво на суд не задоволува и тоа од причина што има висок процент на укинати одлуки. Во иднина треба да се посвети внимание на ангажираноста на судиите.

Новиот Претседател на судот со сите судии во 2008 година имаат услови да покажат добри резултати и во квалитет и во квантитет, затоа што овој суд има квалитетни судии.

## *ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО*

Основниот суд Крушево е суд со основна надлежност. Во извештајната 2007 година го совладал приливот и го намалил заостатокот за 693 предмети. Судиите ја оствариле ориентационата норма, но состојбата е неповолна во однос на квалитетот во Граѓанскиот оддел, бидејќи има висок процент на укинати предмети, што пред се се должи на решавањето на поголем број на "типски предмети", кои се укинати. Во овој суд вкупно во работа биле 7.500 предмети, решени се 3.693 предмети, а нерешени останале 3.807 предмети. Ангажманот на судиите треба да продолжи, особено кај прекршоците. Овој суд има кадровски можности да покаже подобри резултати.

## *ОСНОВЕН СУД ОХРИД*

Основниот суд Охрид е суд со проширена надлежност. Судот во 2007 година го совладал приливот и го намалил заостатокот за 3.988 предмети. Судиите се ангажирале во работата и индивидуално покажале добри резултати. И понатаму постои разлика во покажаните резултати помеѓу судиите. Потребно е да се вложат напори за изедначување на ангажманот и да се зголеми и квалитетот и квантитетот во решавањето на предметите.

Овој суд, исто така треба да посвети внимание во извршувањето на санкциите. За тоа е потребно и овој суд, како и Основниот суд Скопје I Скопје до 1.6.2008 година да подготви анализа за состојбите со овој вид предмети.

## *ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП*

Основниот суд Прилеп е суд со проширена надлежност. Судот го совладал приливот за 11.230 предмети, што е позитивен тренд и покажува воедначен квалитет на работа на судиите. Иако во извештајната година сите судии ја исполниле ориентационата норма и решавале над нормата, во извесна мера го намалиле заостатокот, но сепак останува констатацијата дека според бројот на нерешени предмети овој суд спаѓа во редот на неефикасни судови. И понатаму останува потребата да се подобри квалитетот, а особено да се посвети внимание на стечајните предмети. Овој суд се соочува со финансиски проблеми кои се провлекуваат од претходните години и тие ја оптоваруваат неговата тековна работа и имаат одраз на ефикасноста. Се поддржуваат напорите на Претседателот на судот за спроведување на Програмата за работа на судот за 2008 година.

## *ОСНОВЕН СУД РЕСЕН*

Основниот суд Ресен е суд со основна надлежност. Судот во текот на извештајната година го решил приливот и го намалил заостатокот за 1.455 предмети. Судиите постапувале по разни видови предмети и според бројот на судиите и обемот на работа по предметите, не постои можност за некоја потесна специјализација на работата по предмети.

Во 2008 година потребно е да се посвети внимание на квалитетот на работењето на сите судии и да се покажат повеќе добри резултати, со оглед да постојат голем број укинати предмети во Граѓанскиот и Прекршочниот оддел.

## *ОСНОВЕН СУД СТРУГА*

Основниот суд Струга е суд со проширена надлежност. Судот во извештајната година приливот од новопримени предмети го совладал и го намалил заостатокот на стари незавршени предмети за 4.801 предмет. Од вкупниот број на незавршени 11.900 предмети на крајот од 2007 година, 8.156 предмети отпаѓаат на извршните општи предмети, па во тековната 2008 година треба да се посвети посебно внимание на овие предмети, бидејќи решавањето на истите ќе значи овој суд да спаѓа во групата на ефикасни судови.

## *ОСНОВЕН СУД БЕРОВО*

Според обемот на работа Основниот суд Берово спаѓа во групата на ефикасни судови. Овој суд го совладал приливот и го намалил заостатокот, кој може да се реши просечно за 2,9 месеци. Квалитетот на одлучување во потполност задоволува и е подобар од претходниот извештаен период. Сепак, останува заклучокот да се посвети внимание на прекршочните предмети, посебно сообраќајните прекршоци, да се поостри казнената политика со оглед на благите казни досега изрекувани. Се препорачува зголемена соработка на овој суд со Апелациониот суд Штип, зголемена ангажираност на секој судија поединечно, како и пополнување на упразнетите работни места.

## *ОСНОВЕН СУД ВИНИЦА*

Основниот суд Виница во извештајната 2007 година не го совладал приливот за 248 предмети, а времетраењето на постапката во овој суд трае од 30 дена до три месеци. Основниот суд Виница е ефикасен суд. Судот се соочува со кадровската неекипираност, поради што се препорачува во иднина да се направат напори за пополнување на судиските работни места и работните места во административно-техничкиот персонал. Во иднина овој суд да посвети внимание на судење во разумен рок, одлуките да се пишуваат во законските рокови и да се направат напори за решавање на старите извршни предмети.

## *ОСНОВЕН СУД ДЕЛЧЕВО*

Основниот суд Делчево е суд со основна надлежност и при состојба на целосна пополнетост на судиските места, просторните услови и непостоењето на

некои посебни финансиски проблеми, во извештајната 2007 година го совладал приливот и го намалил заостатокот за 1.151 предмет, освен во извршните предмети. Судиите во овој суд вклучително и Претседателот на судот ја исполниле ориентационата норма, така што овој суд спаѓа во групата на ефикасни судови. Во 2008 година, потребно е да се вложат напори да се решат старите предмети, како и да се подобри квалитетот во работењето во прекршочните предмети.

***ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ***

Според извештајот на Основниот суд Кочани, констатација е дека во извештајната година овој суд е ефикасен суд, го совладал приливот и го намалил заостатокот за 4.000 предмети. Меѓутоа, сеуште е незадоволителна состојбата кај извршните и кај прекршочните предмети. Исто така, останува заклучокот дека овој суд има голем број на стари предмети кои потекнуваат од 1995 до 1997 година и од тие причини треба да се направат напори за побрзо решавање на овие предмети.

***ОСНОВЕН СУД РАДОВИШ***

Основниот суд Радовиш е суд со основна надлежност. Судот во 2007 година го совладал приливот, го намалил заостатокот на 2.327 предмети и спаѓа во групата на ефикасни судови. Со цел да продолжи ваквата позитивна тенденција, потребно е да се направи воедначување во постапувањето со предметите. За таа цел, треба пополнување на непополнетите работни места на стручни соработници и приправници. Овој суд се соочува со просторни проблеми, бидејќи други органи се сместени во зграда на судот.

***ОСНОВЕН СУД СВЕТИ НИКОЛЕ***

Основниот суд Свети Николе е суд со основна надлежност. Во извештајната 2007 година го совладал приливот и го намалил заостатокот за 2.000 предмети. Забележано е опаѓање на процентот на квалитетот на потврдени предмети. Се забележува напредок во решавањето на прекршочните, извршните предмети и платните налози, но останува констатацијата да се посвети поголемо внимание на состојбата со старите нерешени предмети и подобрување на квалитетот на

работењето на судиите. Овој суд е ефикасен во постапувањето, меѓутоа и во иднина треба да се даде приоритет на решавањето на старите предмети и да се работи на подобрување на квалитетот и квантитетот, бидејќи се работи за суд кој има добри услови за работа.

***ОСНОВЕН СУД СТРУМИЦА***

Основниот суд Струмица е суд со проширена надлежност. Судот во 2007 година го совладал приливот и го намалил заостатокот над 12.000 предмети. Сите судии вложиле огромни напори во решавањето на предметите, но и понатаму е видлива разлика во степенот на ангажирањето и квалитетот на постапување на поедини судии. И кај овој суд констатација е дека треба да се посвети поголемо внимание во решавање на старите нерешени предмети и да се вложат напори за подобрување на квалитетот, кој покажува тенденција на подобрување.

***ОСНОВЕН СУД ШТИП***

Основниот суд Штип е суд со проширена надлежност. Судот во 2007 година го совладал приливот во целост и го намалил заостатокот за 13.051 предмети. Овој суд спаѓа во групата на ефикасни судови. Во 2008 година, потребно е да продолжи ваквиот тренд на ефикасност. Се поддржува програмата на Претседателот на судот за решавање на оставинските и прекршочните предмети.

**ВРХОВЕН СУД**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**